Од овде следува дека $T_i\geq\frac{54}{3}=18$. Дека a не може да биде поголем од 18 следува врз основа на цикличното распоредување $(1,10,6,2,9,4,5,3,8,7)$.

5. Нека a,b,c се позитивни реални броеви чиј збир е еднаков на 1. Докажи дека важи неравенството

$$a\sqrt[3]{1+b-c}+b\sqrt[3]{1+c-a}+c\sqrt[3]{1+a-b}\leq 1.$$

Решение. Јасно, $1+b-c=a+2b>0$, а слично и $1+c-a>0$ и $1+a-b>0$.
Од неравенството меѓу аритметичката и геометриската средина следува

$$\frac{1+1+(1+b-c)}{3}\geq\sqrt[3]{1+b-c}$$

$$a\sqrt[3]{1+b-c}\leq a\,\frac{3+b-c}{3}=a+\frac{ab-ac}{3}.$$

Аналогно добиваме

$$b\sqrt[3]{1+c-a}\leq b+\frac{bc-ba}{3},\qquad c\sqrt[3]{1+a-b}\leq c+\frac{ca-cb}{3}.$$

Конечно, ако ги собереме последните три неравенства и го искористиме условот $a+b+c=1$, го добиваме бараното неравенство.

6. Во четириаголникот $ABCD$ страните AD и BC не се паралелни. Дијагоналите AC и BD се сечат во точката E. Точките F и G ги делат соодветно страните AB и DC во однос $\frac{\overline{AD}}{\overline{BC}}$.

Ако точките E,F и G се колинеарни, докажи дека четириаголникот $ABCD$ е тетивен



Решение. Од теоремата на Менелај, применета на триаголниците BCD и ABC следува

$$\frac{\overline{CG}}{\overline{GD}}\cdot\frac{\overline{DE}}{\overline{EB}}\cdot\frac{\overline{BX}}{\overline{XC}}=1,\qquad \frac{\overline{AF}}{\overline{FB}}\cdot\frac{\overline{BX}}{\overline{XC}}\cdot\frac{\overline{CE}}{\overline{EA}}=1$$

при што $BC\cap FG=\{X\}$. Ако го искристиме условот на задачата $\frac{\overline{AF}}{\overline{FB}}=\frac{\overline{DG}}{\overline{GC}}=\frac{\overline{AD}}{\overline{BC}}$, после делењето на горните две равенства добиваме

$$\frac{\overline{DE}\cdot\overline{EA}}{\overline{EB}\cdot\overline{CE}}=\frac{\overline{AF}\cdot\overline{GD}}{\overline{FB}\cdot\overline{CG}}=\frac{\overline{AD}^2}{\overline{BC}^2}. \qquad (*)$$

Од триаголниците ADE и BCE имаме:

$$\frac{\overline{AD}}{\sin\measuredangle AED}=\frac{\overline{AE}}{\sin\measuredangle EDA}=\frac{\overline{ED}}{\sin\measuredangle EAD},\qquad \frac{\overline{BC}}{\sin\measuredangle BEC}=\frac{\overline{BE}}{\sin\measuredangle BCE}=\frac{\overline{EC}}{\sin\measuredangle CBE}$$

односно

$$\overline{AD}^2=\frac{\overline{AD}\cdot\overline{DE}\cdot\sin\measuredangle AED\cdot\sin\measuredangle AED}{\sin\measuredangle EDA\cdot\sin\measuredangle EAD},\qquad \overline{BC}^2=\frac{\overline{BE}\cdot\overline{CE}\cdot\sin\measuredangle BEC\cdot\sin\measuredangle BEC}{\sin\measuredangle BCE\cdot\sin\measuredangle CBE}.$$

Сега ако ги поделиме последните две равенства и ја искористиме (*) добиваме

$$1=\frac{\sin\measuredangle BCE\cdot\sin\measuredangle CBE}{\sin\measuredangle EDA\cdot\sin\measuredangle EAD},$$

од што последователно следува

$$\cos(\measuredangle EDA-\measuredangle EAD)=\cos(\measuredangle BCE-\measuredangle CBE)$$

$$\measuredangle EDA-\measuredangle EAD=\pm(\measuredangle BCE-\measuredangle CBE).$$

Освен тоа, важи

$$\measuredangle EDA+\measuredangle EAD=\measuredangle BCE+\measuredangle CBE$$

па затоа важи $\measuredangle EDA=\measuredangle BCE$ или $\measuredangle EDA=+\measuredangle CBE$. Вториот случја го отфрламе заради претпоставката дека страните AD и BC не се паралелни.

Значи, четириаголникот $ABCD$ е тетивен.

17. МАТЕМАТИЧКА ОЛИМПИЈАДА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

Сарајево, 19. и 20. мај 2012.

1. У троуглу ABC је $AB < AC$. Нека је D средиште лука BAC описаног круга овог троугла. Доказати да подножје E нормале из тачке D на праву AC полови изломљену линију BAC.

2. Доказати да за све позитивне бројеве a, b, c који задовољавају услов $a^2+b^2+c^2 = 1$ важи

$$\frac{a^3}{b^2+c} + \frac{b^3}{c^2+a} + \frac{c^3}{a^2+b} \geqslant \frac{\sqrt{3}}{1+\sqrt{3}}.$$

3. Нека је p непаран прост број. Доказати да постоји природан број m, $1 \leqslant m < p$, тако да за неке целе бројеве x_1, x_2 и x_3 важи

$$x_1^2 + x_2^2 + x_3^2 = mp.$$

4. Функција $f : \mathbb{N} \to \mathbb{N}$ задовољава услове

(i) $f(1) = p + 1$;

(ii) $f(n+1) = f(1)f(2)\cdots f(n) + p$.

где је p прост број. Одредити све вредности p за које постоји природан број k такав да је $f(k)$ потпун квадрат.

5. Дат је троугао ABC. На полуправим AB и CB одабране су тачке K и M редом тако да важи $AK = CM = AC$. Доказати да је полупречник круга описаног око троугла BKM једнак IO и да је $IO \perp KM$, где су I и O редом центри уписаног и описаног круга датог троугла.

6. Квадрат странице 1 подељен је на области. Границе свих области састоје се од дужи паралелних страницама квадрата. Укупна дужина граничних дужи унутар квадрата једнака је $2n$. Доказати да постоји бар једна област са површином већом или једнаком $\frac{1}{(n+1)^2}$.

1. Нека D е средината на оној лак $\overset{\frown}{BC}$ на опишаната кружница на $\triangle ABC$ на кој е точката A и нека $\overline{AB} < \overline{AC}$. Докажи дека подножјето E на нормалата повлечена од точката D на правата AC ја полови искршената линија составена од отсечките BA и AC.

Решение. *Прв начин*. Треба да докажеме дека $\overline{BA} + \overline{AE} = \overline{EC}$.



Бидејќи D е средина на лакот $\overset{\frown}{BC}$ важи $\overline{BD} = \overline{CD}$. Четириаголникот $ABCD$ е тетивен, па од теоремата на Птоломеј следува

$$\overline{AD} \cdot \overline{BC} + \overline{AB} \cdot \overline{CD} = \overline{BD} \cdot \overline{AC},$$

т.е.

$$\overline{AD} \cdot \overline{BC} = \overline{BD} \cdot (\overline{AC} - \overline{AB}). \qquad (1)$$

Нека F е подножјето на висината од темето D на страната BC. Важи $\overline{BF} = \overline{FC}$ и $\triangle AED \sim \triangle BFD$ ($\measuredangle AED = \measuredangle BFD = 90^\circ$, $\measuredangle DAE = \measuredangle DBF$). Затоа $\frac{\overline{AD}}{\overline{AE}} = \frac{\overline{DB}}{\overline{BF}} = \frac{\overline{DB}}{\frac{\overline{BC}}{2}}$, т.е.

$$\overline{AD} \cdot \overline{BC} = 2\overline{AE} \cdot \overline{DB}. \qquad (2)$$

Од (1) и (2) следува

$$\overline{AC} - \overline{AB} = 2\overline{AE},$$
$$\overline{AE} + \overline{EC} - \overline{AB} = 2\overline{AE},$$
$$\overline{EC} = \overline{AB} + \overline{AE}.$$

Втор начин. Нека $¥ = \measuredangle BCD$. Од правоаголниот триаголник EAD и синусната теорема за триаголникот ADB следува

$$\overline{AE} = \overline{AD}\cos ¥ = 2R\sin\measuredangle ACD\cos ¥. \qquad (3)$$

Од правоагоилниот триаголник EDC и синусната теорема за триаголникот BDC следува

$$\overline{EC} = \overline{CD}\cos\measuredangle ACD = 2R\sin ¥\cos\measuredangle ACD. \qquad (4)$$

Од (3) и (4) следува

$$\overline{EC} - \overline{AE} = 2R(\sin ¥\cos\measuredangle ACD - \sin\measuredangle ACD\cos ¥)$$
$$= 2R\sin(¥ - \measuredangle ACD) = 2R\sin\measuredangle ACB = \overline{AB}.$$

2. Нека a, b, c се позитивни реални броеви такви што $a^2 + b^2 + c^2 = 1$. Докажи го неравенството

$$\frac{a^3}{b^2+c} + \frac{b^3}{c^2+a} + \frac{c^3}{a^2+b} \geq \frac{\sqrt{3}}{1+\sqrt{3}}.$$

Решение. Од неравенството на Коши-Буњаковски-Шварц следува

$$(a(b^2+c) + b(c^2+a) + c(a^2+b))\left(\frac{a^3}{b^2+c} + \frac{b^3}{c^2+a} + \frac{c^3}{a^2+b}\right) \geq a^2 + b^2 + c^2 = 1,$$

па затоа е доволно да се докаже

$$ab^2 + bc^2 + ca^2 + ab + bc + ca \leq \frac{1}{\sqrt{3}} + 1.$$

Познато е дека

$$ab + bc + ca \leq a^2 + b^2 + c^2 = 1.$$

Понатаму, повторно од неравенството на Коши-Буњаковски-Шварц следува

$$ab^2 + bc^2 + ca^2 \leq \sqrt{(a^2+b^2+c^2)(a^2b^2+b^2c^2+c^2a^2)} = \sqrt{a^2b^2+b^2c^2+c^2a^2},$$

па затоа е доволно да се докаже дека

$$a^2b^2+b^2c^2+c^2a^2 \le \tfrac{1}{3},$$

а последното равенство важи бидејќи

$$3(a^2b^2+b^2c^2+c^2a^2) \le (a^2+b^2+c^2)^2 = 1.$$

Јасно, знак за равенство важи ако и само ако $a=b=c=\frac{1}{\sqrt{3}}$.

3. Нека p е непарен прост број. Докажи дека постои природен број m, $1 \le m < p$ така што важи

$$mp = x_1^2 + x_2^2 + x_3^2,$$

за некои цели броеви x_1, x_2, x_3.

Решение. Нека $x_1, x_2 \in \{0,1,...,\frac{p-1}{2}\}$ и $x_1 > x_2$. Ако $x_1^2 \equiv x_2^2 (\mathrm{mod}\ p)$, тогаш $p \mid x_1 - x_2 < p$ или $p \mid x_1 + x_2 < p$, што е противречност. Според тоа, важи $x_1^2 \not\equiv x_2^2 (\mathrm{mod}\ p)$. Значи, за $y_1, y_2 \in \{0,1,...,\frac{p-1}{2}\}$ и $y_1 \ne y_2$ важи

$$-1 - y_1^2 \not\equiv -1 - y_2^2 (\mathrm{mod}\ p).$$

Сега, од принципот на Дирихле следува дека меѓу $p+1$ броеви

$$x_0^2, x_1^2, ..., x_{\frac{p-1}{2}}^2, -1-y_0^2, -1-y_1^2, ..., -1-y_{\frac{p-1}{2}}^2,$$

такви $x_i, y_i \in \{0,1,...,\frac{p-1}{2}\}$ и $x_i \ne x_j$, $y_k \ne y_l$ за $i \ne j$, $k \ne l$ постојат два броја кои при делење со p даваат ист остаток, т.е. мора да важи

$$x_s^2 \equiv -1 - y_t^2 (\mathrm{mod}\ p),$$

т.е.

$$x_s^2 + y_t^2 + 1 = mp,$$

при што важи $0 < mp < (\frac{p}{2})^2 + (\frac{p}{2})^2 + 1 = \frac{p^2}{2} + 1 < p^2$, т.е. $1 \le m < p$.

4. Функцијата $f:\mathbb{N} \to \mathbb{N}$ ги задоволува условите

1) $f(1) = p+1$,

2) $f(n+1) = f(1)f(2)...f(n) + p$

каде p е прост број. Определи го p така што постои $k \in \mathbb{N}$ таков што $f(k)$ е точен квадрат.

Решение. Прво да провериме кога $f(1)$ е точен квадрат. Тогаш $p+1=m^2$, од каде добиваме $p=(m-1)(m+1)$, па затоа $m-1=1$, т.е. $m=2$ и $p=3$.

Понатаму, бидејќи $f(2) = f(1) + p = 2p+1$ и равенката $2p+1=m^2$ нема решение, заклучуваме дека $f(2)$ не е точен квадрат за ниту еден прост број p. Понатаму, $f(3) = f(1)f(2) + p = (p+1)(2p+1) + p = 2p^2 + 4p + 1$ и равенката $2p^2+4p+1=m^2$ нема решение, што е очигледно за $p=2$, а за $p>2$ левата страна дава остаток 2 при делење со 4, а остатокот на квадрат на природен број при делење со 4 може да биде 0 или 1.

Сега, да разгледаме $f(n), n \ge 4$. Јасно, $f(n-1) > 2p^2$, $f(n) > p^4$ и

$$f(n)=f^2(n-1)-pf(n-1)+p.$$

Нека претпоставиме дека $f(n)=k^2$. Тогаш

$$\begin{aligned}&f^2(n-1)-pf(n-1)+p-k^2=0,\\&4f^2(n-1)-4pf(n-1)+p^2-4k^2=p^2-4p,\\&(2f(n-1)-p)^2-4k^2=p^2-4p,\\&(2f(n-1)-p-2k)(2f(n-1)-p+2k)=p^2-4p.\end{aligned}$$

За $p>3$ десната страна во последното равенство е позитивен број, па затоа мора да важи $2f(n-1)-p-2k\geq 1$. Според тоа,

$$\begin{aligned}(2f(n-1)-p-2k)(2f(n-1)-p+2k)&\geq 2f(n-1)-p+2k\\&\geq 4p^2-p+2p^2>p^2-4p,\end{aligned}$$

што е противречност. За $p=3$ видовме дека $f(1)$ е точен квадрат, а за $p=2$ лесно се докажува дека нема точни квадрати. Деталите ги оставаме на читателот за вежба.

5. Даден е триаголник ABC. На полуправите AB и CB избрани се точки K и M такви што $\overline{AK}=\overline{CM}=\overline{AC}$. Докажи дека радиусот на кружницата опишана околу триаголникот BKM е еднаков на OI, каде I е центар на вписаната, O е центар на опишаната кружница на триаголникот ABC и дека $IO\perp KM$.

Решение. Нека N и P се подножјата на нормалите повлечени од точката O соодветно на страните AB и AC, и нека L и Q се соодветно подножјата на нормалите повлечени од точката I соодветно на страните AB и AC (цртеж десно). Тогаш,



$$\begin{aligned}&\overline{BK}=c-b,\ \overline{BM}=a-b,\ \overline{BN}=\tfrac{c}{2},\ \overline{BP}=\tfrac{a}{2},\\&\overline{BL}=\overline{BQ}=s-b,\ \overline{PQ}=\tfrac{c-b}{2},\\&\overline{NL}=\overline{AN}-\overline{AL}=\tfrac{c}{2}-(s-a)=\tfrac{a-b}{2}.\end{aligned}$$

Нека R и S се точки соодветно на IL и IQ такви што $OR\parallel AB$ и $OS\parallel BC$. Тогаш $OR\perp IL$ и $OS\perp QI$. Оттука следува дека $\measuredangle ROS=\measuredangle KBM$, како агли со паралелни краци, и $\triangle ORS\sim\triangle BKM$ (еднаков агол и еднакви односи на страните кои го градат тој агол). Бидејќи односот на страните е $\frac{1}{2}$, следува дека коефициентот на сличноста е $k=\frac{1}{2}$.

Бидејќи OI е дијаметар во тетивниот четириаголник $ORIS$ и $k=\frac{1}{2}$ следува дека дијаметарот на кружницата опишана околу триаголникот BKM е еднаков на $2\overline{OI}$, т.е. радиусот на кружницата опишана околу триаголникот BKM е еднаков на $\overline{OI}$.



Нека $\overline{OS'}=\overline{OS}$ и $\overline{OR'}=\overline{OR}$, при што S' и R' припаѓаат на OR и OS, соодветно (цртеж десно). Сега $\triangle OR'S'\sim\triangle BKM$ и OR' е пропорционална со BM, а OS' е пропорционална со BK. Оттука следува $KM\parallel R'S'$. Сега е доволно да се докаже дека $IO\perp R'S'$. Имаме,

$$\measuredangle IOR'+\measuredangle S'R'O=\measuredangle IOS+\measuredangle SRO=\measuredangle IOS+\measuredangle SIO=90^\circ,$$

при што заради складноста важи $\measuredangle S'R'O=\measuredangle SRO$.

6. Квадрат со страна 1 е поделен на многуаголници. Страните на сите многуаголници се паралелни со страните на квадратот. Вкупната должина на внатрешните страни на многуаголниците е еднаква на $2n$. Докажи дека постои барем еден многуаголник чија плоштина е поголема или еднаква на $\frac{1}{(n+1)^2}$.

Решение. Нека претпоставиме дека квадратот е поделен на многуаголниците $R_1, R_2, ..., R_m$. Нека P_{R_i} и O_{R_i} се плоштината и периметарот на многуаголникот R_i, соодветно. Тогаш, бидејќи секоја отсечка на поделбата се јавува во периметарот на два многуаголници, имаме

$$1 = \sum_{i=1}^{m} P_{R_i} \quad \text{и} \quad 4 + 2 \cdot 2n = \sum_{i=1}^{m} O_{R_i} .$$

Сега, да разгледаме некој многуаголник R_k (цртеж долу). Да опишеме минимален правоаголник околу многуаголникот R_k и енак должините на страните на овој правоаголник се u_k и v_k. Сега важи

$$P_{R_k} \le u_k v_k \le \frac{(u_k + v_k)^2}{4},$$
$$O_{R_k} \ge 2(u_k + v_k),$$



т.е.

$$\sqrt{P_{R_k}} \le \frac{u_k + v_k}{2} \le \frac{O_{R_k}}{4} .$$

Од последното неравенство следува

$$\sum_{k=1}^{m} \sqrt{P_{R_k}} \le \sum_{k=1}^{m} \frac{O_{R_k}}{4} = \frac{4n+4}{4} = n + 1 .$$

Нека претпоставиме дека $P_{R_k} < \frac{1}{(n+1)^2}$ за секој многуаголник R_k. Според тоа,

$$1 = \sum_{i=1}^{m} P_{R_i} = \sum_{k=1}^{m} \sqrt{P_{R_k}} \sqrt{P_{R_k}} < \frac{1}{n+1} \sum_{k=1}^{m} \sqrt{P_{R_k}} \le \frac{1}{n+1} \cdot (n+1) = 1 ,$$

што е противречност. Конечно од добиената противречност следува дека постои барем еден многуаголник чија плоштина е поголема или еднаква на $\frac{1}{(n+1)^2}$.

18. МАТЕМАТИЧКА ОЛИМПИЈАДА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

Високо, 18. и 19. мај 2013.

1. У троуглу ABC са правим углом код темена C, симетрале унутрашњих углова код темена A и B редом секу наспрамне странице у тачкама M и N. Висина CH сече праве AM и BN редом у тачкама P и Q. Доказати да је права која пролази кроз средишта дужи QN и PM паралелна хипотенузи AB.

2. Низ је задат условима

$$a_0 = 1, \quad a_1 = 1 \quad \text{и} \quad a_{n+1} = 14a_n - a_{n-1} - 4$$

за сваки природан број $n \geqslant 1$. Доказати да су сви чланови овог низа потпуни квадрати.

3. Нека је n природан број. Доказати да се у сваком скупу од $\binom{2n}{n}$ људи може наћи $n+1$ људи који се сви међусобно познају или $n+1$ људи који се сви међусобно не познају.

4. Одредити све просте бројеве p и q за које важи $p \mid 30q-1$ и $q \mid 30p-1$.

5. Нека је $n \geqslant 3$ природан број и нека су $x_1, x_2, \ldots, x_n$ ненегативни реални бројеви за које је $x_1 + x_2 + \cdots + x_n = 1$. Означимо

$$F_n = x_1^2 + x_2^2 + \cdots + x_n^2 - 2(x_1x_2 + x_2x_3 + \cdots + x_{n-1}x_n + x_nx_1).$$

Доказати да је:

(а) $\min F_3 = -\frac{1}{3}$; **(б)** $\min F_4 = -\frac{1}{4}$; **(в)** $\min F_5 = -\frac{1}{5}$.

6. Нека су O и I редом центри описаног и уписаног круга троугла ABC. На дужима IA, IB и IC редом одабране су тачке P, Q и R тако да важи

$$IP \cdot IA = IQ \cdot IB = IR \cdot IC.$$

Доказати да Ојлерова права троугла PQR садржи тачке I и O.

1. Нека ABC е правоаголен триаголник, со прав агол во темето C, и нека симетралите на внатрешните агли во темињата A и B ги сечат спротивните катети соодветно во точките M и N. Висината CH ги сече правите AM и BN соодветно во точките P и Q. Докажи дека правата која минува низ средините на отсечките QN и PM е паралелна со хипотенузата AB.



Решение. Нека E и F се соодветно средините на отсечките MP и NQ. Да означиме $\measuredangle MAC = \measuredangle MAB = \frac{\sim}{2}$. Од правоаголните триаголници AMC и APH следува $\measuredangle CMA = 90^\circ - \frac{\sim}{2} = \measuredangle APH = \measuredangle CPM$. Според тоа, триаголникот CPM е рамнокрак и $CF \perp MP$. Бидејќи $\measuredangle CFA = \measuredangle CHA = 90^\circ$, заклучуваме дека точките C, F, H, A лежат на иста кружница, па затоа $\measuredangle FCH = \measuredangle FAH = \measuredangle FAC = \measuredangle FHC$. Според тоа, триаголникот CFH е рамнокрак и $\overline{FC} = \overline{FH}$. Значи, точката F се наоѓа на симетралата на отсечката CH. Аналогно, може да се покаже дека и точката E се наоѓа на симетралата на отсечката CH. Затоа $EF \perp CH$ о како $CH \perp AB$ добиваме $EF \parallel AB$.

2. Дадена е низата $a_0 = 1, a_1 = 1, a_{n+1} = 14a_n - a_{n-1} - 4$, за $n \geq 1$. Докажи дека сите членови на оваа низа се точни квадрати.

Решение. Ја воведуваме смената $a_n = b_n + c$ и ја добиваме рекурзијата $b_{n+1} = 14b_n - b_{n-1} + 12c - 4$, од која константата c ќе ја определиме така што се анулира слободниот член. Според тоа, $c = \frac{1}{3}$ и рекурзијата има облик $b_0 = b_1 = \frac{2}{3}, b_{n+1} = 14b_n - b_{n-1}$. Нејзината карактеристична равенка е $t^2 - 14t + 1 = 0$, со решенија $t_{1,2} = 7 \pm 4\sqrt{3}$. Според тоа,

$$b_n = \sim(7-4\sqrt{3})^n + \quad (7+4\sqrt{3})^n. \qquad (1)$$

Ако во (1) ставиме $n = 0,1$ го добиваме системот равенки

$$\begin{cases} \sim + \quad = \frac{2}{3} \\ \sim(7-4\sqrt{3}) + \quad (7+4\sqrt{3}) = \frac{2}{3} \end{cases}$$

чии решенија се $\sim = \frac{2+\sqrt{3}}{6}, \quad = \frac{2-\sqrt{3}}{6}$. Според тоа,

$$\begin{aligned} a_n &= \frac{2+\sqrt{3}}{6}(7-4\sqrt{3})^n + \frac{2-\sqrt{3}}{6}(7+4\sqrt{3})^n + \frac{1}{3} \\ &= \frac{2+\sqrt{3}}{6}[(2-\sqrt{3})^2]^n + \frac{2-\sqrt{3}}{6}[(2+\sqrt{3})^2]^n + \frac{1}{3} \\ &= \frac{1}{6}(2-\sqrt{3})^{2n-1} + \frac{1}{6}(2+\sqrt{3})^{2n-1} + \frac{1}{3} \\ &= \frac{1}{6}[\frac{(\sqrt{3}-1)^2}{2}]^{2n-1} + \frac{1}{6}[\frac{(\sqrt{3}+1)^2}{2}]^{2n-1} + \frac{1}{3} \\ &= \frac{(\sqrt{3}-1)^{4n-2} + 2\cdot 2^{2n-1} + (\sqrt{3}+1)^{4n-2}}{3\cdot 2^{2n}} \\ &= \frac{(\sqrt{3}-1)^{4n-2} + 2\cdot(\sqrt{3}-1)^{2n-1}(\sqrt{3}+1)^{2n-1} + (\sqrt{3}+1)^{4n-2}}{3\cdot 2^{2n}} \\ &= (\frac{(\sqrt{3}-1)^{2n-1} + (\sqrt{3}+1)^{2n-1}}{\sqrt{3}\cdot 2^n})^2. \end{aligned}$$

Ќе докажеме дека $c_n=\frac{(\sqrt{3}-1)^{2n-1}+(\sqrt{3}+1)^{2n-1}}{\sqrt{3}\cdot 2^n}$ е цел број за секој природен број n. Имаме,

$$c_n=\frac{(\sqrt{3}-1)^{2n-1}+(\sqrt{3}+1)^{2n-1}}{\sqrt{3}\cdot 2^n}=\frac{\sqrt{3}+1}{2\sqrt{3}}\left(\frac{(\sqrt{3}-1)^2}{2}\right)^2+\frac{\sqrt{3}-1}{2\sqrt{3}}\left(\frac{(\sqrt{3}+1)^2}{2}\right)^2$$
$$=\frac{3+\sqrt{3}}{2}(2-\sqrt{3})^n+\frac{3-\sqrt{3}}{2}(2+\sqrt{3})^n.$$

Бидејќи $2\pm\sqrt{3}$ се решенија на квадратната равенка $t^2-4t+1=0$, следува дека c_n е решение на рекурзијата $c_0=c_1=1, c_{n+1}=4c_n-c_{n-1}$. Оттука следува дека $c_n\in\mathbb{N}$, за секој $n\in\mathbb{N}$ и $a_n=c_n^2$, што и требаше да се докаже.

3. Докажи дека во множество од $\binom{2n}{n}$ луѓе, $n\in\mathbb{N}$, може да се најдат $n+1$ особа кои меѓусебно сите се познават или $n+1$ особа кои меѓусебно сите не се познаваат.

Решение. Ќе докажеме поопшто тврдење: Во множество од $\binom{p+q}{q}$ луѓе, $p,q\in\mathbb{N}$, може да се најдат $p+1$ особи кои сите меѓусебно се познаваат или $q+1$ особи кои сите меѓусебно не се познаваат. Тврдењето ќе го докажеме со индукција по $p+q$.

Ако $p+2=2$, тогаш $p=q=1$, па тврдењето важи.

Нека претпоставиме дека имаме $\binom{p+q}{q}$ луѓе. Да избереме произволна особа A. Можни се следниве случаи:

1) Ако A познава $\binom{(p-1)+q}{p-1}$ лица, тогаш од индуктивната претпоставка следува дека меѓу познаниците на A може да се најдат p кои сите меѓусебно се познаваат и кои заедно со A се бараните $p+1$ лица кои сите меѓусебно се познаваат, или $q+1$ лица кои сите меѓусебно не се познаваат.
2) Ако A не познава барем $\binom{p+(q-1)}{p}$ луѓе, тогаш од индуктивната претпоставка следува дека меѓу лицата кои не го познават A може да се најдат $p+1$ лица кои сите меѓусебно не се познаваат или q лица кои сите меѓусебно не се познаваат, па овие лица заедно со A се $q+1$ лица кои сите меѓусебно не се познаваат.
3) Случајот кога A познава најмногу $\binom{(p-1)+q}{p-1}-1$ лица и не познава најмногу $\binom{p+(q-1)}{p}-1$ не е можен, бидејќи
$$\binom{(p-1)+q}{p-1}-1+\binom{p+(q-1)}{p}-1=\binom{p+q}{p}-2<\binom{p+q}{p}-1.$$

4. Определи ги сите прости броеви p и q такви што $p\,|\,30q-1$ и $q\,|\,30p-1$.

Решение. Да забележиме дека $\mathrm{NZD}(pq,30)=1$, т.е. $p,q\neq 2,3,5$. Од условот лесно се добива дека $pq\,|\,30(p+q)-1$. Оттука заклучуваме дека постои природен број n таков што $\mathrm{NZD}(n,30)=1$ и за кој важи
$$pqn=30(p+q)-1. \qquad (1)$$
Ќе ги разгледаме следниве случаи:

1) $n=1$ и авенката (1) го добива видот $pq=30(p+q)-1$, т.е.
$$(p-30)(q-30)=899=29\cdot 31=1\cdot 899.$$
Оттука ги добиваме решенијата

$$(p,q)\in\{(59,61),(61,59),(31,929),(929,31)\}.$$

2) $n>1$, од каде следува $n\geq 7$. Сега имаме

$$7pq\leq npq=30(p+q)-1<30pq.$$

Без ограничување на општоста можеме да земеме $p\leq q$ и ако последната неравенка ја поделиме со $30pq$ добиваме

$$\frac{7}{30}<\frac{1}{p}+\frac{1}{q}<\frac{2}{p}.$$

Оттука следува $p\leq\frac{60}{7}<9$, а како $p\geq 7$, заклучуваме дека $p=7$. Сега од $q\,|\,7\cdot 30-1=209=11\cdot 19$ следува $q=11$ или $q=19$. Но, $7\,|\,30\cdot 11-1=329=7\cdot 47$ и $7\nmid 30\cdot 19-1=569$, па затоа решение е само $q=11$. Значи, во овој случај решенија се $(p,q)\in\{(7,11),(11,7)\}$.

Конечно, решенија на задачата се

$$(p,q)\in\{(7,11),(11,7),(59,61),(61,59),(31,929),(929,31)\}.$$

5. Нека $n\geq 3$ е природен број и нека се $x_i\geq 0$, $i=1,2,...,n$ реални броеви за кои важи $x_1+x_2+...+x_n=1$. Да означиме

$$F_n=x_1^2+x_2^2+...+x_n^2-2(x_1x_2+x_2x_3+...+x_{n-1}x_n+x_nx_1).$$

Докажи дека

а) $\min F_3=-\frac{1}{3}$, б) $\min F_4=-\frac{1}{4}$, в) $\min F_5=-\frac{1}{5}$.

Решение. а) Од неравенството меѓу аритметичката и квадратната средина следува

$$\begin{aligned}F_3&=x_1^2+x_2^2+x_3^2-2(x_1x_2+x_2x_3+x_3x_1)\\&=2(x_1^2+x_2^2+x_3^2)-(x_1+x_2+x_3)^2\\&\geq\tfrac{2}{3}(x_1+x_2+x_3)^2-(x_1+x_2+x_3)^2=-\tfrac{1}{3}.\end{aligned}$$

Знак за равенство важи ако и само ако $x_1=x_2=x_3=\frac{1}{3}$.

б) Од неравеснтвото меѓу аритметичката и квадратната средина и неравенството меѓу аритметичката и геометриската средина следува

$$\begin{aligned}F_3&=x_1^2+x_2^2+x_3^2+x_4^2-2(x_1x_2+x_2x_3+x_3x_4+x_4x_1)\\&=x_1^2+x_2^2+x_3^2+x_4^2-2(x_1+x_3)(x_2+x_4)\\&\geq\tfrac{1}{4}(x_1+x_2+x_3+x_4)^2-3\tfrac{(x_1+x_2+x_3+x_4)^2}{4}=-\tfrac{1}{4}.\end{aligned}$$

Знак за равенство важи ако и само ако $x_1=x_2=x_3=x_4=\frac{1}{4}$.

в) Нека

$$A=x_1x_2+x_2x_3+x_3x_4+x_4x_5+x_5x_1 \text{ и } B=x_1x_3+x_2x_4+x_3x_5+x_4x_1+x_5x_2.$$

Тогаш неравенството

$$F_n=x_1^2+x_2^2+x_3^2+x_4^2+x_5^2-2(x_1x_2+x_2x_3+x_3x_4+x_4x_5+x_5x_1)\geq-\frac{1}{5}$$

е еквивалентно со неравенството

$$1-4A-2B\geq-\frac{1}{5}\qquad\Leftrightarrow$$

$$2A+B\leq\frac{3}{5}\qquad\Leftrightarrow$$

$$2A+B \le x_1^2+x_2^2+x_3^2+x_4^2+x_5^2+2A+2B-\tfrac{2}{5} \qquad \Leftrightarrow$$

$$\tfrac{2}{5} \le x_1^2+x_2^2+x_3^2+x_4^2+x_5^2+B.$$

Последното неравенство следува од

$$\begin{aligned} & x_1^2+x_2^2+x_3^2+x_4^2+x_5^2+x_1x_3+x_2x_4+x_3x_5+x_4x_1+x_5x_2= \\ & =\tfrac{1}{2}[(x_1+x_3)^2+(x_2+x_4)^2+(x_3+x_5)^2+(x_4+x_1)^2+(x_5+x_2)^2] \\ & \ge \tfrac{1}{2}\cdot\tfrac{1}{5}(x_1+x_3+x_2+x_4+x_3+x_5+x_4+x_1+x_5+x_2)^2=\tfrac{2}{5}. \end{aligned}$$

Знак за равенство важи ако и само ако $x_1=x_2=x_3=x_4=x_5=\tfrac{1}{5}$.

6. Нека I е центар на впишаната кружница на $\triangle ABC$. На отсечките IA, IB, IC соодветно се избрани точки P, Q, R такви што важи

$$\overline{IP}\cdot\overline{IA}=\overline{IQ}\cdot\overline{IB}=\overline{IR}\cdot\overline{IC}.$$

Докажи дека Ојлеровата права за $\triangle PQR$ ги содржи точките I и O, каде O е центарот на опишаната кружница околу $\triangle ABC$.

Решение. Од условот на задачата $\frac{\overline{IP}}{\overline{IB}}=\frac{\overline{IQ}}{\overline{IA}}$ следува $\triangle IPQ \sim \triangle IBA$, а оттука следува дека четириаголникот $ABQP$ е тетивен, па затоа $\measuredangle IPQ=\frac{}{2}$ и $\measuredangle IQP=\frac{\sim}{2}$. Аналогно добиваме дека четириаголниците $BCRQ$ и $ACRP$ се тетивни (направи цртеж). Според тоа, аглите на $\triangle PQR$ се

$$\measuredangle RPQ=90^\circ-\frac{\sim}{2}, \measuredangle PQR=90^\circ-\frac{}{2} \text{ и } \measuredangle QRP=90^\circ-\frac{\text{¥}}{2}.$$

Од равенството $\measuredangle IPQ+\measuredangle PQR=90^\circ$, следува дека $PI \perp RQ$, па затоа точката I е ортоцентар на $\triangle PQR$. Нека S е средината на опишаната кружница на $\triangle PQR$ и C', B', A' се соодветно центрите на опишаните кружници околу четириаголниците $ABQP, ACRP, BCRQ$. Бидејќи точките A' и B' лежат на симетралата на отсечката CR следува дека $A'B' \parallel PQ$. Слично имаме $B'C' \parallel RQ$ и $A'C' \parallel PR$. Сега имаме

$$\measuredangle OB'C'=\measuredangle IAC=\frac{\sim}{2} \text{ и } \measuredangle OC'B'=\measuredangle IAB=\frac{\sim}{2},$$

како агли со нормални краци. Според тоа, O е центар на опишаната кружница околу $\triangle A'B'C'$. Триаголниците $A'B'C'$ и PQR се хомотетични, со центар на хомотетија во пресекот на правите $A'P, B'Q, C'R$. Точката S е ортоцентар на $\triangle A'B'C'$ и центар на опишаната кружница околу $\triangle PQR$. Значи, центарот на хомотетија лежи во пресекот на правите SI и OS, што значи дека точките S, I и O се колинеарни.

19. МАТЕМАТИЧКА ОЛИМПИЈАДА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

Источно Сарајево, 10. и 11. мај 2014.

1. Дата је кружница k и на њој тачке A и B које нису дијаметрално супротне. На мањем луку AB дата је тачка C. Нека су D, E и F редом подножја нормала из тачке C на тетиву AB и на тангенте на кружницу k у тачкама A и B. Доказати да је $CD = \sqrt{CE \cdot CF}$.

2. Нека су a, b и c различити реални бројеви.

(а) Израчунати вредност израза:

(1) $\dfrac{1+ab}{a-b} \cdot \dfrac{1+bc}{b-c} + \dfrac{1+bc}{b-c} \cdot \dfrac{1+ca}{c-a} + \dfrac{1+ca}{c-a} \cdot \dfrac{1+ab}{a-b}$;

(2) $\dfrac{1-ab}{a-b} \cdot \dfrac{1-bc}{b-c} + \dfrac{1-bc}{b-c} \cdot \dfrac{1-ca}{c-a} + \dfrac{1-ca}{c-a} \cdot \dfrac{1-ab}{a-b}$.

(б) Доказати неједнакост

$$\frac{1+a^2b^2}{(a-b)^2} + \frac{1+b^2c^2}{(b-c)^2} + \frac{1+c^2a^2}{(c-a)^2} \geqslant \frac{3}{2}.$$

Да ли може наступити знак једнакост?

3. Наћи сва решења једначине $7^x - 2 \cdot 5^y = -1$ у скупу ненегативних целих бројева.

4. Низ (a_n) је задат условима

$$a_1 = \frac{1}{2} \quad \text{и} \quad a_m = \frac{a_{m-1}}{2ma_{m-1}+1} \quad \text{за } m > 1.$$

Одредити збир $a_1 + a_2 + \cdots + a_k$ за произвољно $k \in \mathbb{N}$.

5. Дат је правилан n-тоугао, где је $n \geqslant 6$. Колико има троуглова са теменима у теменима n-тоугла којима су странице дијагонале тог n-тоугла?

6. Нека су D и E редом подножја висина из темена A и B троугла ABC, F пресечна тачка симетрале угла C са страницом AB, а O, I и H редом центри описане и уписане кружнице и ортоцентар троугла ABC. Ако је $\frac{CF}{AD} + \frac{CF}{BE} = 2$, доказати да је $OI = IH$.

1. Дадена е кружница k и на неа точки A и B кои не се дијаметрално спротивни. На помалиот лак $\overset{\frown}{AB}$ земена е точка C. Нека D,E,F се соодветно подножните точки на нормалите повлечени од точката C на тетивата AB и тангентите на кружницата k во точките A и B. Докажи дека $\overline{CD}=\sqrt{\overline{CE}\cdot\overline{CF}}$.

   Решение. Точките D и E припаѓаат на кружницата со дијаметар AC, а точките D и F припаѓаат на кружницата со дијаметар BC. Според тоа, четириаголниците $ADCE$ и $BDCF$ се тетивни. Имајќи го ова предвид и користејќи го равенството на аголот меѓу тангентата и тетивата и периферниот агол над тетивата, добиваме

$$\measuredangle EDC=\measuredangle EAC=\measuredangle ABC=\measuredangle DFC.$$

   Аналогно се докажува дека $\measuredangle FDC=\measuredangle DEC$. Од еднаквоста на овие агли следува дека триаголникот EDC е сличен со триаголникот DFC, па затоа

$$\frac{\overline{CD}}{\overline{CE}}=\frac{\overline{CF}}{\overline{CD}},$$

   т.е. $\overline{CD}=\sqrt{\overline{CE}\cdot\overline{CF}}$.

2. Нека a,b,c се различни реални броеви.

   1) Пресметај ги вредностите на изразите

      а) $\frac{1+ab}{a-b}\cdot\frac{1+bc}{b-c}+\frac{1+bc}{b-c}\cdot\frac{1+ca}{c-a}+\frac{1+ca}{c-a}\cdot\frac{1+ab}{a-b}$.

      б) $\frac{1-ab}{a-b}\cdot\frac{1-bc}{b-c}+\frac{1-bc}{b-c}\cdot\frac{1-ca}{c-a}+\frac{1-ca}{c-a}\cdot\frac{1-ab}{a-b}$.

   2) Докажи го неравенството

$$\frac{1+a^2b^2}{(a-b)^2}+\frac{1+b^2c^2}{(b-c)^2}+\frac{1+c^2a^2}{(c-a)^2}\geq\frac{3}{2}.$$

      Дали може да важи знак за равенство?

   Решение. 1) а) После сведување на заеднички именител и средување добиваме дека вредноста на изразот е еднаква на 1.

   б) После сведување на заеднички именител и средување добиваме дека вредноста на изразот е еднаква на -1.

   2) Ќе ги користиме познатите неравенства

$$x^2+y^2+z^2\geq xy+yz+zx \text{ и } x^2+y^2+z^2\geq -2(xy+yz+zx),$$

   кои важат за секои реални броеви x,y,z, како и равенството

$$2(t^2+u^2)=(t+u)^2+(t-u)^2.$$

   Имаме

$$\begin{aligned}2\left(\frac{1+a^2b^2}{(a-b)^2}+\frac{1+b^2c^2}{(b-c)^2}+\frac{1+c^2a^2}{(c-a)^2}\right)&=\left(\frac{1+ab}{a-b}\right)^2+\left(\frac{1+bc}{b-c}\right)^2+\left(\frac{1+ca}{c-a}\right)^2+\left(\frac{1-ab}{a-b}\right)^2+\left(\frac{1-bc}{b-c}\right)^2+\left(\frac{1-ca}{c-a}\right)^2\\&\geq\frac{1+ab}{a-b}\cdot\frac{1+bc}{b-c}+\frac{1+bc}{b-c}\cdot\frac{1+ca}{c-a}+\frac{1+ca}{c-a}\cdot\frac{1+ab}{a-b}+(-2)\left(\frac{1-ab}{a-b}\cdot\frac{1-bc}{b-c}+\frac{1-bc}{b-c}\cdot\frac{1-ca}{c-a}+\frac{1-ca}{c-a}\cdot\frac{1-ab}{a-b}\right)\\&=1+(-2)\cdot(-1)=3.\end{aligned}$$

   Знак за равенство важи за $a=-\sqrt{3}, b=0, c=\sqrt{3}$.

3. Во множеството цели ненегативни броеви реши ја равенката

$$7^x-2\cdot5^y=-1.$$

   Решение. За $y\leq3$ ги добиваме решенијата (0,0) и (2,2). Нека $y>3$.

Разгледувајќи ги остатоците по модул 4 заклучуваме дека x е парен, а разгледувајќи ги остатоците по моул 3 заклучуваме дека y е парен.

Значи, $x = 2x_1,\ y = 2y_1,\ x_1, y_1 \in \mathbb{N},\ y_1 > 1$. Од таблицата на остатоците

n	1	2	3	4	5	6	7	8	9	10
$49^n \pmod{125}$	49	26	24	51	-1	-49	-26	-24	-51	1

заклучуваме дека мора да важи $x_1 = 10x_2 + 5,\ x_2 \in \mathbb{N}$.

Сега равенката го добива видот

$$49^{10x_2+5} + 1 = 2 \cdot 25^{y_1}\text{, т.е. } (49^5)^{2x_2+1} + 1 = 2 \cdot 25^{y_1},$$

од каде следува дека бројот $49^5 + 1 = (49+1)(49^4 - 49^3 + 49^2 - 49 + 1)$ мора да е делител на бројот $2 \cdot 25^{y_1}$. Значи, $49^4 - 49^3 + 49^2 - 49 + 1$ треба да е степен на бројот 25, што не е точно, бидејќи

$$49^4 - 49^3 + 49^2 - 49 + 1 \equiv (-1)^4 - (-1)^3 + (-1)^2 - (-1) + 1 \equiv 5 \pmod{25}.$$

Значи, единствени решенија на дадената равенка се (0,0) и (2,2).

4. Низата $\{a_n\}$ е зададена со $a_1 = \frac{1}{2},\ a_m = \frac{a_{m-1}}{2ma_{m-1}+1},\ m > 1$. Пресметај го збирот $a_1 + a_2 + ... + a_k$, за произволен $k \in \mathbb{N}$.

Решение. Од условот на задачата следува

$$a_m = \frac{1}{2m + \frac{1}{a_{m-1}}}. \tag{1}$$

Нека $b_m = \frac{1}{a_m},\ m \in \mathbb{N}$. Од (1) следува дека $b_m = 2m + b_{m-1}$. Оттука со математичка индукција добиваме $b_m = m(m+1)$. Значи,

$$a_m = \frac{1}{m(m+1)} = \frac{1}{m} - \frac{1}{m+1},$$

па затоа

$$a_1 + a_2 + ... + a_k = 1 - \frac{1}{k+1} = \frac{k}{k+1}.$$

5. Даден е правилен n – аголник, $n \geq 6$. Колку триаголници има со темиња во темињата на n – аголникот, чии страни се дијагоналите на n – аголникот?

Решение. Нека $A_1A_2...A_n$ е правилен n – аголник. Да ги разгледаме бараите триаголници за кои едно теме е A_1. Ова теме може да се поврзе со било кое теме од n – аголникотот, освен со темињата A_2 и A_n. Такви две точки може да се изберат на $\binom{n-3}{2}$ начини. Од овој број треба да го одземеме бројот на триаголниците од видот $A_1A_kA_{k+1}$, $k = 3, 4, ..., n-2$, кои ги има $n-4$ на број, па затоа A_1 е теме на $\binom{n-3}{2} - (n-4)$ такви триаголници. Ако постапката ја повториме за останатите темиња, секој триаголник ќе го броиме триапти, па затоа бараниот број триаголници е еднаков на

$$\frac{1}{3}n(\binom{n-3}{2} - (n-4)) = \frac{n(n-4)(n-5)}{6}.$$

6. Нека D и E се подножните точки на висините спуштени соодветно од темињата A и B на $\triangle ABC$, F е пресечната точка на симетралата на аголот аголот во темето C со страната AB,

а O, I и H се соодветно центарот на опишаната кружница, центарот на впишаната кружница и ортоцентарот на $\triangle ABC$. Докажи дека, ако $\frac{\overline{CF}}{\overline{AD}}+\frac{\overline{CF}}{\overline{BE}}=2$, тогаш $\overline{OI}=\overline{IH}$.

Решение. Нека $\overline{BC}=a, \overline{AC}=b, \measuredangle ACB=¥, \measuredangle CAB=\sim, \overline{CF}=s_c$. Бидејќи

$$P_{\triangle ABC}=P_{\triangle AFC}+P_{\triangle BFC},$$

направи цртеж, следува дека

$$\frac{1}{2}bs_c\sin\frac{¥}{2}+\frac{1}{2}as_c\sin\frac{¥}{2}=\frac{1}{2}ab\sin¥ \text{, т.е. } s_c=\frac{2ab\cos\frac{¥}{2}}{a+b}.$$

Понатаму, од $\overline{AD}=b\sin¥$ и $\overline{BE}=a\sin¥$ следува

$$\frac{\overline{CF}}{\overline{AD}}+\frac{\overline{CF}}{\overline{BE}}=\frac{2a\cos\frac{¥}{2}}{(a+b)\sin¥}+\frac{2b\cos\frac{¥}{2}}{(a+b)\sin¥}=\frac{1}{\sin\frac{¥}{2}}\left(\frac{a}{a+b}+\frac{b}{a+b}\right)=\frac{1}{\sin\frac{¥}{2}}.$$

Оттука и од условот на задачата следува $\sin\frac{¥}{2}=\frac{1}{2}$, т.е. $¥=\frac{®}{3}$. Нека правата CF ја сече опишаната кружница околу $\triangle ABC$ во точката M . Тогаш $OM \perp AB$. Но, како $CH \perp AB$ следува дека $\measuredangle OMC=\measuredangle MCH$, т.е. $\measuredangle OCM=\measuredangle MCH$.

Од $\triangle HCE$, бидејќи $\measuredangle EHC=\frac{®}{2}-\measuredangle ECH=\frac{®}{2}-(\frac{®}{2}-\sim)=\sim$ добиваме дека $\overline{CH}=\frac{\overline{CE}}{\sin\sim}$. Од $\triangle BCE$ следува $\overline{CE}=\frac{a}{\sin\sim}\cos¥=2R\cos¥$, па ко е $¥=\frac{®}{3}$ добиваме $\overline{CE}=R$.

Оттука следува дека триаголниците CHI и COI се складни, па затоа $\overline{OI}=\overline{IH}$, што и требаше да се докаже.

20. МАТЕМАТИЧКА ОЛИМПИЈАДА БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

Сарајево, 16. и 17. мај 2015.

1. Одредити најмању могућу вредност израза

$$\frac{a+1}{a(a+2)}+\frac{b+1}{b(b+2)}+\frac{c+1}{c(c+2)}$$

за позитивне реалне бројеве a, b и c такве да је $a+b+c \leqslant 3$.

2. Нека је D произвољна тачка на страници AB троугла ABC. Кружнице описане око троуглова BCD и ACD секу странице AC и BC редом у тачкама E и F. Симетрала дужи EF сече праву AB у тачки M, а нормалу на AB кроз тачку D у тачки N. Праве AB и EF се секу у тачки T, а описана кружница троугла CDM сече праву TC у тачки $U \neq C$. Доказати да је $NC = NU$.

3. Доказати да постоји бесконачно много сложених природних бројева n таквих да n дели $3^{n-1}-2^{n-1}$.

4. Скуп X који се састоји од осам узастопних природних бројева подељен је на два дисјунктна подскупа A и B са једнаким бројем елемената. Ако је збир квадрата елемената скупа A једнак збиру квадрата елемената скупа B, доказати да је тада збир елемената скупа A једнак збиру елемената скупа B.

5. Нека је N природан број. Дат је скуп тегова који задовољава следеће услове:

(i) сваки тег из скупа има неку од тежина $1, 2, \ldots, N$;

(ii) за свако $i \in \{1, 2, \ldots, N\}$ у датом скупу постоји тег тежине i;

(iii) збир тежина свих ових тегова је паран број.

Доказати да се тај скуп тегова може разбити на два скупа једнаких тежина.

6. Уписана кружница троугла ABC има центар у тачки I и додирује странице BC, CA и AB редом у тачкама D, E и F. Нека је P подножје нормале из тачке I на праву AD и нека је M средиште дужи DE. Ако се праве PM и AC секу у тачки N, доказати да је $DN \parallel EF$.

1. Нека a, b и c се позитивни реални броеви такви што $a+b+c \leq 3$. Определи ја најмалата можна вредност на изразот

$$\frac{a+1}{a(a+2)}+\frac{b+1}{b(b+2)}+\frac{c+1}{c(c+2)}.$$

Решение. Од неравенството меѓу аритметичката и хармониската средина следува

$$\begin{aligned}\frac{a+1}{a(a+2)}+\frac{b+1}{b(b+2)}+\frac{c+1}{c(c+2)} &= \frac{1}{2}\left(\frac{1}{a}+\frac{1}{a+2}\right)+\frac{1}{2}\left(\frac{1}{b}+\frac{1}{b+2}\right)+\frac{1}{2}\left(\frac{1}{c}+\frac{1}{c+2}\right)\\ &= \frac{1}{2}\left(\frac{1}{a}+\frac{1}{b}+\frac{1}{c}\right)+\frac{1}{2}\left(\frac{1}{a+2}+\frac{1}{b+2}+\frac{1}{c+2}\right)\\ &\geq \frac{1}{2}\cdot\frac{9}{a+b+c}+\frac{1}{2}\cdot\frac{9}{(a+2)+(b+2)+(c+2)} \geq \frac{1}{2}\cdot 3+\frac{1}{2}\cdot 1=2.\end{aligned}$$

Знак за равенство важи ако и само ако $a=b=c=1$, па затоа бараната најмала вредност е 2.

2. Нека D е произволна точка на страната AB на $\triangle ABC$. Кружниците опишани околу триаголниците BCD и ACD ги сечат соодветно ги сечат страните AC и BC во точките E и F. Симетралата на отсечката EF ја сече AB во точката M, а нормалата на AB во точката D во точката N. Правите AB и EF се сечат во точката T, а втората пресечна точка на кружницата опишана околу $\triangle CDM$ и правата TC е U. Докажи дека $\overline{NC}=\overline{NU}$.

Решение. Од тетивните четириаголници $BCFD$ и $ADEC$ следува

$\measuredangle FDA=180^\circ-\measuredangle FDB=\measuredangle ACB$ и $\measuredangle EDB=180^\circ-\measuredangle EDA=\measuredangle ACB$,

па затоа

$$\measuredangle FDN=90^\circ-\measuredangle ABC=\measuredangle EDN,$$

т.е. DN е симетрала на $\measuredangle FDE$.



Да го разгледаме триаголникот FDE. Во него точката N е пресек на симетрала на агол и симетрала на спротивна страна, па затоа се наоѓа на опишаната кружница на тој триаголник, т.е. четириаголникот $FDEN$ е тетивен. Затоа

$$\measuredangle FNE=180^\circ-\measuredangle EFD=180^\circ-(180^\circ-2\measuredangle ACB)=2\measuredangle ACB.$$

Покрај тоа важи $\overline{NF}=\overline{NE}$, што значи дека N е центар на опишаната кружница на $\triangle FEC$.

За да докажеме дека $\overline{NC}=\overline{NU}$, доволно е да докажеме дека четириаголникот $UFEC$ е тетиве (во тој случај N е центар на опишаната кружница околу тој четириаголник, па ќе важи $\overline{NC}=\overline{NU}$). Последното ќе го докажеме ако докажеме дека $\overline{TU}\cdot\overline{TC}=\overline{TF}\cdot\overline{TE}$. Меѓутоа, од степенот на точката T имаме $\overline{TU}\cdot\overline{TC}=\overline{TD}\cdot\overline{TM}$, па затоа доволно е да докажеме дека $\overline{TD}\cdot\overline{TM}=\overline{TF}\cdot\overline{TE}$, т.е. доволно е да докажеме дека четириаголникот $DMEF$ е тетивен.

Ќе докажеме дека NM е дијаметар на кружницата опишана околу четириаголникот $FDEN$. Нека NM' е дијаметар на таа кружница. Од една страна, точката M' припаѓа на правата NM (тоа е симетрала на отсечката EF), а од друга страна $\measuredangle NDM' = 90^\circ$, што значи дека $M = M'$. Значи и точката M припаѓа на кружницата опишана околу четириаголникот $FDEN$, па затоа четириаголникот $DMEF$ е тетивен, што и требаше да се докаже.

3. Докажи дека постојат бесконечно многу сложени природни броеви n такви што n е делител на $3^{n-1} - 2^{n-1}$.

Решение. Нека $x, y \in \mathbb{N}$. Ако $x \mid y$, тогаш $3^x - 2^x \mid 3^y - 2^y$, па затоа бројот n ќе го побараме во облик $3^s - 2^s$. За да важи $3^s - 2^s \mid 3^{n-1} - 2^{n-1}$, доволно е да важи $s \mid n-1$, т.е. доволно е да важи $s \mid 3^s - 2^s - 1$. Нека $s = 2^t$. Бидејќи за секој природен број t важи $t \le 2^t$, добиваме $s \mid 2^s$. Значи доволно е $2^t = s \mid 3^s - 1 = 3^{2^t} - 1$. Последното ќе го докажеме со математичка индукција. За $t = 1$ тврдењето очигледно важи. Нека претпоставиме дека $2^t \mid 3^{2^t} - 1$. Имаме, $3^{2^{t+1}} - 1 = (3^{2^t} - 1)(3^{2^t} + 1)$. Според индуктивната претпоставка првиот множител на десната страна на последното равенство се дели со 2^t, а вториот множител е парен, добиваме дека $2^{t+1} \mid 3^{2^{t+1}} - 1$, па од принципот на математичка индукција следува дека $2^t \mid 3^{2^t} - 1$, за секој природен број t. Значи, за бројот $n = 3^{2^t} - 2^{2^t}$ важи $n \mid 3^{n-1} - 2^{n-1}$. Меѓутоа, за $t \ge 2$ важи

$$3^{2^t} - 2^{2^t} = (3^{2^{t-1}} - 2^{2^{t-1}})(3^{2^{t-1}} + 2^{2^{t-1}})$$

и очигледно тоа е сложен број. Според тоа, постојат бесконечно многу сложени природни броеви n такви што n е делител на $3^{n-1} - 2^{n-1}$.

4. Множеството X се состои од осум последователни природни броеви и е поделено на две дисјунктни подмножества A и B со еднаков број елементи. Ако збирот на квадратите на елементите на множеството A е еднаков на збирот на квадратите на елементите на множеството B, докажи дека тогаш збирот на елементите на множеството A е еднаков на збирот на елементите на множеството B.

Решение. Ако a е најмалиот елемент на множеството X, тогаш

$$X = \{a, a+1, a+2, ..., a+7\}.$$

Нека $X = A \cup B$, $A \cap B = \emptyset$ и нека збирот на квадратите на елементите на множеството A е еднаков на збирот на квадратите на елементите на множеството B. Со S_X, S_A, S_B да ги означиме збиротвите на квадратите на елементите на множествата X, A, B, соодветно. Според условот на задачата имаме $S_A = S_B = \frac{1}{2} S_X$. Ќе го определиме збирот S_X. Имаме

$$S_X = a^2 + (a+1)^2 + (a+2)^2 + ... + (a+7)^2 = 8a^2 + 56a + 140.$$

Значи, $S_A = S_B = 4a^2 + 28a + 70$.

Имаме, $a + 7 \in X$ и $X = A \cup B$, $A \cap B = \emptyset$, па затоа без ограничување на општоста можеме да претпоставиме дека $a + 7 \in A$ и $a + 7 \notin B$. Нека $a+i, a+j, a+k, i, j, k \in \{0,1,2,3,4,5,6\}$ се останатите елементи на множеството A. Тогаш

$$S_A = (a+i)^2 + (a+j)^2 + (a+k)^2 + (a+7)^2$$
$$= 4a^2 + 2a(i+j+k+7) + i^2 + j^2 + k^2 + 49.$$

Но, $S_A = 4a^2 + 28a + 70$, па затоа

$$4a^2 + 28a + 70 = 4a^2 + 2a(i+j+k+7) + i^2 + j^2 + k^2 + 49\,,$$

т.е.

$$2a(i+j+k+7) = 21 - (i^2 + j^2 + k^2)\,. \qquad (1)$$

Збирот на елементите на множеството X е $a+28$, а збирот на елементите на множеството A е $i+j+k+7$. Треба да докажеме дека множествата A и B имаат еднакви збирови на елементите, т.е. дека збирот на елементите на множеството A е еднаков на $4a+14$, од каде добиваме $i+j+k=7$.

Нека претпоставиме дека $i+j+k>7$, т.е. $i+j+k \ge 8$. Од неравенството меѓу аритметичката и квадратната средина за различните ненегативни броеви следува $\sqrt{\frac{i^2+j^2+k^2}{3}} > \frac{i+j+k}{3} \ge \frac{8}{3}$, па затоа

$$i^2 + j^2 + k^2 \ge \tfrac{64}{3} > 21\,. \qquad (2)$$

